Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи- пречистен текст
(„Сл. Весник на РСМ.“ бр. 167/2015,27/2016 и 120/2018)
Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје
објавува

ЈАВЕН ОГЛАС Бр.12/2021
за прием на помошно-технички лица на неопределено време

Се распишува Јавен оглас за засновање на работен однос на неопределено време за помошно-технички лица и тоа следното работно место:

1. КДР0402А02005 Чувар на објект во Оддел за обезбедување во Одделение за обезбедување и ПП заштита во Сектор Експлоатација и одржување на капацитети – 2 извршители

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

Посебни услови:
- најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование и лиценца за обезбедување
- најмалку 1 година работно искуство

Паричен нето износ на плата 21.600,00 денари

Распоред на работно време:
- Работа во две смени: 1-ва смена од 07:00 до 19:00 часот и 2-ра смена од 19:00 до 07:00 часот наредниот ден или неделно работно време 40 работни часа

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедниците согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка)1 Србин(ка)1

2. **КДР0401А02025 КВ машинобравар на пумпи за питка вода во Оддел за машинско одржување на пумпени станици за питки води и резервоари во Одделение за електро-машински работи во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети“ – 1 извршител**

Општи услови:
- да е државјанин на Република Северна Македонија
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

Посебни услови:
- најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование и КВ Квалификација
- најмалку 1 години работно искуство

Паричен нето износ на плата 21.000,00 денари

Распоред на работно време:
- Работни денови понеделник-петок
- Работни часови неделно 40
- Работно време од 07:30 до 15:30

ПОМЕНА: Предвидени вработувања по припадност на заедницата согласно годишниот план на институцијата за 2021 година се: Македонец(ка)1

Потребни документи:

- Пријавите за вработување се потполнуваат на образец изготвен од страна на претпријатието кој може да се подигне од Архивата на ЈП Водовод и канализација – Скопје, или на веб страната на претпријатието: www.vodovod-skopje.com.mk
- Свидетелства од I до IV година средно образование (во фотокопија) и Свидетелство за завршено средно образование (фотокопија заверена на нотар)
- Уверение или Решение за државјанство (во фотокопија)
- Лиценца за обезбедување за работните места реден број 1

Јавниот огласот трае 3 (три) работни дена, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Ненавремена, некомплетна и неуредна документација нема да биде предмет на разгледување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите се должни да ги достават до ЈП Водовод и канализација –Скопје на адреса ул.„Лазар Личеноски“ бр. 9 – Скопје.

Телефон за контакт 02/3073-010 локал 406, контакт лице: Лазе Мицкоски;